Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Republika e Maqedonisë se Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-659/7
Датум: 19-12-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 659/1 од 08.10.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со живеалиште на [redacted] во име на [redacted] против ООУ Панајот Гиновски со седиште на ул. Ферид Бајрам бр. 30 и [redacted] за заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на образованието, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020), на 19.12.2024 го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност во областа на образованието од страна на ООУ Панајот Гиновски и [redacted]

## Образложение

На 08.10.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка од [redacted] од Скопје, во име на неговиот син, [redacted], против ООУ Панајот Гиновски и [redacted] за заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на образованието.

Подносителот во претставката наведува дека неговиот син на крајот на учебната 2023/2024 бил известен дека ќе биде упатен на продолжителна настава по предметите англиски јазик и математика. Според подносителот, непосредно после ова известување, на наставнички совет на ООУ Панајот Гиновски одржан на 24.06.2024 година, била донесена одлука неговиот син да биде упатен на поправен испит по двата предмети за кој требало да посетува дополнителна настава. Дополнителната настава, согласно наводите на подносителот, започнала на 26.06.2024, а завршила на 23.08.2024. Подносителот истакнува дека согласно чл. 142, ст. 2 од Законот за основно образование дополнителната настава се одржува во месец јуни, додека неговиот син имал дополнителна настава и во август. Воедно, тој наведува дека не е одржан наставнички совет за известување на наставниците дали неговиот син ги постигнал критериумите за позитивна оцена, согласно чл. 142, ст. 3 од Законот за основно образование, туку директно бил упатен на поправен испит. Неговиот син, согласно тврдењата од претставката, на 27.08.2024 полагал поправен испит по предметот математика, а комисијата за спроведување поправниот испит не ја известила директорката да свика наставнички совет на кој ќе се утврди оценката на неговиот син по поправниот испит. Истото, според подносителот, се случило и на 29.08.2024 кога неговиот син полагал поправен испит по предметот англиски јазик. Директорката после тој испит, наводно, испратила порака до наставниците дека на 30.08.2024 со почеток во 9:00 часот ќе се одржи наставнички совет за утврдување на успехот на ученикот [redacted] На 30.08.2024 година директорката испратила порака до вработените дека советот ќе се одржи подоцна во текот на денот, за, согласно тврдењата на подносителот, истиот да не се одржи, а наставниците на 02.09.2024 година добиле порака дека ќе има продолжение на наставничкиот совет, кој воопшто не ни започнал. На одржаниот наставнички совет на 02.09.2024 година донесена е одлука синот на подносителот да го повтори одделението. Подносителот тврди дека ваквата одлука е спротивна на чл. 50, ст.1 од Законот за основно образование, со кој е уредено дека учебната година во основното училиште по правило започнува на 1 септември, а завршува на 31 август следната година. Со ваквата одлука во нова учебна година се одржува наставнички совет на кој се носат одлуки за

претходната завршена учебна година. Според подносителот, ова претставува и злоупотреба на службената должност на директорката, односно кршење на чл. 122, ст. 1 од Законот за основно образование, кој пропишува дека наставничкиот совет го свикува и со него претседава директорот на училиштето. Според подносителот, ваквото постапување на ООУ Панајот Гиновски и [redacted] претставува дискриминација кон неговиот син [redacted] врз основа на етничка припадност во област образование.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно чл. 24, ст.7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 25.10.2024 година ја достави претставката со барање за произнесување до ООУ Панајот Гиновски. Дополнително, согласно чл. 30, ст. 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација побара податоци од Државниот просветен инспекторат во однос на извршен инспекциски надзор во ООУ Панајот Гиновски и побара инспекторатот за потребите на постапката да го достави записникот за извршениот инспекциски надзор.

На 07.11.2024 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен записник од извршен инспекциски надзор бр. 09/2-871 од 27.09.2024 во ООУ Панајот Гиновски, по поднесена претставка на [redacted] родител на ученикот [redacted] Во записникот од извршениот инспекциски надзор од страна на државниот просветен инспектор [redacted] констатирано е дека ученикот [redacted] на крајот на наставната година имал оцена 1 (недоволен) по предметите Математика и Англиски јазик. Во записникот констатирано е дека предметните наставници во текот на учебната година организирале дополнителна настава по англиски јазик и математика, но ученикот на бил евидентиран во присутните и неприсутните ученици, а родителот на ученикот службено не бил информиран за дополнителната настава. Инспекторот, исто така констатира дека родителот на ученикот бил два пати повикан на советување од психологот на училиштето во текот на учебната година, но причина за советувањата било манифестирањето на различни форми на соодветно однесување. Родителот не бил повикан за советување по однос на намалениот успех по предметите математика и англиски јазик, односно нема доказ дека родителот присуствувал на советување за намалениот успех на неговиот син по предметите математика и англиски јазик. Понатаму во записникот се констатира дека на 24.06.2024 се одржал наставнички совет каде била усвоен успехот на учениците во наставната 2023/2024 година, при што ученикот [redacted] се упатил на поправен испит по предметите англиски јазик и математика и за истото бил известен родителот на ученикот. Во текот на поправниот испит, предметните наставници по двата предмети изготвиле Програма за продолжителна настава по предметите англиски јазик и математика, но нема доказ за редовност на ученикот [redacted] на таа дополнителна настава. Ученикот на 27.08.2024 година го полагал поправниот испит по предметот математика и согласно записникот за полагање на поправен испит од истиот ден, тој не го положил поправниот испит. Ученикот на 29.08.2024 го полагал поправниот испит по предметот англиски јазик и согласно записникот за полагање на поправен испит од истиот ден, тој не го положил поправниот испит. Училиштето писмено го известило родителот за резултатите од поправните испити на 29.09.2024. Врз основа на спроведениот увид на денот на вонредниот инспекциски надзор, Државниот просветен инспекторат констатирал дека во предметниот случај не била спроведена постапка за советување на родителот по основ на намален успех на ученикот, иако ученикот е упатен на поправен испит. Следствено на тоа, Државниот просветен инспекторат согласно чл. 28 од Законот за просветна инспекција му укажал на училиштето да ја преиспита одлуката за повторување на ученикот во шесто одделение и писмено да го извести инспекторатот за преземените мерки и активности.

На 11.11.2024 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за произнесување по наводите од претставката од ООУ Панајот Гиновски и [redacted]. Во поднесокот се наведува дека на 20.06.2024 се одржал одделенски совет,

на кој ученикот [redacted] бил истакнат како ученик со слаби оценки и бил даден предлог за упатување на поправен испит. На наставнички совет одржан на 24.06.2024 бил усвоен успехот на учениците од I до VIII одделение за учебната 2023/2024 година и била донесена одлука за упатување на поправен испит на ученикот [redacted] по предметите математика и англиски јазик. На истиот наставнички совет биле формирани и комисии за спроведување на поправниот испит, за што родителот, согласно наводите од поднесокот, бил уредно и навремено известен од страна на класниот раководител. Во поткрепа на овие наводи во прилог на поднесокот за произнесување доставени се:

- Одлука за упатување на поправен испит на [redacted] по предметот англиски јазик бр. 02-180/1 од 24.06.2024
- Одлука за упатување на поправен испит на [redacted] по предметот математика бр. 02-181/1 од 24.06.2024
- Записник број 222 од одржан Наставнички совет на ден 24.06.2024
- Решение за формирање на Комисија за поправен испит по предметот англиски јазик бр. 02-180/2 од 24.06.2024
- Решение за формирање на Комисија за поправен испит по предметот математика бр. 02-181/2 од 24.06.2024
- Писмено известување до [redacted] од одделенскиот раководител на [redacted] и [redacted] за упатување на поправен испит на [redacted] по предметот англиски јазик бр. 02-180/3 од 24.06.2024
- Писмено известување до [redacted] од одделенскиот раководител на [redacted] и [redacted] за упатување на поправен испит на [redacted] по предметот математика бр. 02-181/3 од 24.06.2024

После одржаниот наставнички совет предметните наставници до раководителката на паралелката на [redacted] доставиле распоред и програма за одржување на продолжителна настава, која, согласно чл. 142, ст. 2 од Законот за основно образование, предметните наставници ја одржале во јуни, јули и август. Ученикот посетил 54 часа по продолжена настава по предметот математика и 32 часа по предметот англиски јазик, што е 30% од бројот на часови предвидени со наставните програми и е во согласност со цитираниот член од Законот за основно образование.

Во прилог на поднесокот за произнесување училиштето и директорката доставуваат и записници за реализација на поправните испити на ученикот [redacted] Поправните испити се одржале после завршувањето на дополнителната настава, односно на 27.08.2024 и 29.08.2024.

Видно од записникот 02-181/4 од 27.08.2024 на Комисијата за поправен испит по предметот математика, ученикот [redacted] полагал поправен испит по предметот математика на 27.08.2024, на испитот освоил 6 од 84 бодови и истиот не го положил. Истиот ден, на 27.08.2024, училиштето со писмен допис 02-181/5 го информирало родителот Хасан Атеш дека неговиот син на поправниот испит го постигнал следниот резултат – недоволен (1).

Видно од записникот 02-180/4 од 29.08.2024 на Комисијата за поправен испит по предметот англиски јазик, ученикот [redacted] полагал поправен испит по предметот англиски јазик на 29.08.2024, на испитот освоил 16 од 80 бодови и истиот не го положил. Истиот ден, на 29.08.2024, училиштето со писмен допис 02-180/5 го информирало родителот [redacted] дека неговиот син на поправниот испит го постигнал следниот резултат – недоволен (1).

Училиштето во поднесокот за произнесување наведува дека директорката свикала наставнички совет на 29.08.2024, но истиот морал да започне на 30.08.2024, а како причина се наведува дератизација, дезинсекција и дезинфекција, за што се доставува и доказ. Дополнително,

директорката требала да присуствува и на седница на Советот на општината за презентација на годишната програма на училиштето за 2024/2025, како и презентација на годишна програма за планирани екскурзии, излети и други вонучилишни активности. Па, следствено наставничкиот совет продолжил на 02.09.2024 каде што бил усвоен успехот на ученикот [redacted] и била донесена одлука бр. 02-181/6 тој да остане во истото шесто одделение во учебната 2024/2025, за што родителот бил усно информиран.

Дополнително, во прилог на поднесокот за произнесување училиштето доставува и записник бр. 09/2-820 од извршен вонреден инспекциски надзор од страна на Државниот просветен инспекторат, спроведен на 23.09.2024, четири дена пред спроведување на инспекцискиот надзор за кој Комисијата за спречување и заштита од дискриминација побара информации од Државниот просветен инспекторат. При вршењето на овој надзор, видно од записникот, инспекторатот не утврдил неправилности во работењето на училиштето и ја запрел постапката, што е контрадикторно на наодите од надзорот извршен на 27.09.2024, кога инспекторатот му укажал на училиштето да ја преиспита одлуката за повторување на шестото одделение на ученикот [redacted] Училиштето, во наводите од поднесокот тврди дека постапило по укажувањата од вториот инспекциски надзор и после темелна анализа и дискусија наставничкиот совет донел конечна одлука дека останува на ставот дека [redacted] ги исполнува критериумите за повторување на учебната година во истото одделение, согласно критериумите од Законот за основно образование.

Во последниот дел од поднесокот училиштето и директорката наведуваат дека подносителот на претставката, родителот [redacted] на 03.09.2024 вербално ја нападнал и и се заканувал на директорката во училишниот двор пред сведоци, за што била известена ПС Чаир. Додека на 05.09.2024 родителите на ученикот го нападнале предметниот наставник по англиски јазик, за што на 06.09.2024 случајот бил пријавен во ПС Чаир. Комисијата во носењето на одлуката не ги ценеше овие наводи, бидејќи станува збор за обвинувања за сторени потенцијални прекршоци и кривични дела, нешто што не е предмет на постапката пред Комисијата и нешто што е надвор од законските надлежности на Комисијата.

Имајќи ги предвид наводите од претставката на подносителот, наводите и доказите во поднесокот за произнесување на училиштето и директорката и записниците за извршените вонредни инспекциски надзори од страна на Државниот просветен инспекторат, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација кон [redacted] врз основа на етничка припадност во областа на образованието.

Имено, неспорно е дека вонредните инспекциски надзори извршени во рок од 4 дена во ООУ Панајот Гиновски по претставка на [redacted] во име на неговиот син [redacted] констатираат контрадикторни ситуации, односно во првиот надзор не се констатирани неправилности од страна на училиштето, а во вториот се констатирани неправилности во насока на пропуштање да се спроведе постапка за советување на родителот по основ на намален успех на ученикот, иако ученикот е упатен на поправен испит. Ваквите контрадикторни наоди даваа сомнеж дека во конкретниот случај можеби има повреда на одредбите на Законот за основно образование во делот на постапката за спроведување поправен испит.

Но, подносителот не успеа во постапката да направи веројатно дека ваквите потенцијални пропусти од ООУ Панајот Гиновски и [redacted] се извршени заради етничката припадност на неговиот син, [redacted] Имено, подносителот во образецот за поднесување на претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја има изразено својата етничка припадност – Турчин, меѓутоа во содржината на претставката не ја става во корелација


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

етничката припадност на неговиот син со потенцијалните повреди на одредбите на Законот за основно образование во делот на постапката за спроведување поправен испит. **За одредена повреда на право да биде карактеризирана како дискриминација, таа мора да биде сторена врз основа на заштитна карактеристика од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Во таа смисла, подносителот во процесот на правење prima facie, односно сторување веројатно и префрлање на товарот на докажување кон потенцијалниот дискриминатор, мора да покаже каузална врска меѓу заштитната карактеристика и повредата на правото**. Всушност, ова го содржи и самата законска дефиниција на дискриминација од чл. 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, каде е пропишано дека:

*"Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство **што се заснова на дискриминаторска основа**, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Оттука, не секоја повреда на право претставува дискриминација. Дополнително, во содржината на претставката подносителот не дава компаратор, кој бил ставен во иста или слична споредлива ситуација со неговиот син, за да може споредбено да се види наводниот понеповолен третман на училиштето и директорката кон ученикот [redacted] заради неговата етничка припадност.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности, одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на етничка припадност кон [redacted] од страна на ООУ Панајот Гиновски и [redacted] во областа на образованието.

НАПОМЕНА: Заради целосно и правилно утврдување на фактичката состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го пречекори законски утврдениот рок од 60 дена за постапување по претставки.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- [redacted]
- ООУ Панајот Гиновски, ул. Ферид Бајрам бр. 30, 1000 Скопје
- [redacted]


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk